Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: + 389 02/3235-400; Факс: + 389 02/3235-500
е-маил: manu@manu.edu.mk

Makedonski Telekom CA, Aleksandar Dimovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Aleksandar Dimovski
Date: 2020.05.08 10:55:04 +02'00'

арх. бр. 03-1256/27
8 .5.2020 година

Врз основа на член 112 став 1 и 2 и член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен Весник на РМ" бр. 24/19) и Одлуката за пренесување на дел од правата на наредбодател за потпишување на дел од документацијата во постапките за јавни набавки бр. 02-189/1 од 23.1.2020 година, раководителот на ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов", ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда и за поништување на дел од постапката**

1. Во постапката со преговарање без објавување оглас за јавна набавка на стоки со предмет **Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика и заштитна опрема потребни за дијагностицирање на корона вирусот,** по испратена покана за поднесување на понуда заведена со арх. број 03-1256/3 од 28.4.2020 година, за најповолна понуда:
   - за деловите 1, 3, 4, 5, 7, 8, 11, 13, 20, 21, 22, 23, 24, 25 се избира понудата понудувачот Друштво за промет со медицински помагала и реагенси ЕЛТА 90 МОЛЕКУЛАРНА МЕДИЦИНА ДООЕЛ Скопје,
   - за дел 9 се избира понудата на понудувачот Друштво за промет ВАРУС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје,
   - за дел 10 се избира понудата на понудувачот Друштво ЛАБЕНА трговија, советување и производство на лабораториска опрема ДООЕЛ Скопје,
   - за дел 29 се избира понудата на понудувачот Друштво за трговија и услуги ЕУРО-ФАРМ ДООЕЛ Битола,
   - за деловите 28 и 30 се избира понудата на понудувачот Друштво за производство трговија и услуги АРМОР ПЛУС ДОО увоз-извоз Скопје,
   - за дел 31 се избира понудата на понудувачот Друштво за трговија, производство и услуги БИ-ЕЛ ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица,
   - за деловите 6, 12, 14, 15, 16, 17, 18, 19 се избира понудата на понудувачот Друштво за трговија и услуги БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, а
   - постапката за деловите 2, 26 и 27 се поништува од причина што не е поднесена ниту една прифатлива понуда согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки.
2. По конечноста на Одлуката за избор на најповолна понуда со избраниот понудувач за соодветниот дел од предметот на набавка да се склучи рамковна спогодба за предметот на набавката.
3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Комисијата за јавни набавки спроведе постапка со преговарање без објавување оглас со доставување на покана за поднесување на понуди со арх. бр. 03-1256/3 од 24.4.2020 година за јавна набавка на стоки со предмет *Реагенси, лабораториски потрошен материјал и пластика и заштитна опрема потребни за дијагностицирање на корона вирусот,* спроведена согласно Одлуката за јавна набавка со арх. бр. 03-1256/1 од 28.4.2020 година и достави Извештај од спроведената постапка со арх. бр. 03-1256/26 од 5.5.2020 година.

Согласно Извештајот со арх. бр. 03-1256/26 од 5.5.2020 година, Комисијата утврди дека за предметната набавка се пристигнати вкупно 11 (единаесет) понуди од понудувачите:

- Друштво за производство, промет и консалтинг БИОСТАРТ ХАЏИ ПЕЦОВ МАРТИН ДОО увоз-извоз Скопје;
- Друштво за промет и консалтинг ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје;
- Друштво ЛАБЕНА трговија, советување и производство на лабораториска опрема ДООЕЛ Скопје;
- Друштво за трговија и услуги ЕУРО-ФАРМ ДООЕЛ Битола;
- Друштво за промет и услуги БИОТЕК ДОО експорт-импорт Скопје;

- Друштво за трговија и услуги БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје;
- Друштво за трговија, производство и услуги БИ-ЕЛ ИНЖИНЕРИНГ увоз-извоз ДООЕЛ Струмица;
- Друштво за производство трговија и услуги АРМОР ПЛУС ДОО увоз-извоз Скопје;
- Трговско друштво БИОМЕДИКА ДИЈАГНОСТИКА ДООЕЛ Скопје;
- Друштво за промет ВАРУС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје; и
- Друштво за промет со медицински помагала и реагенси ЕЛТА 90 МОЛЕКУЛАРНА МЕДИЦИНА ДООЕЛ Скопје.

При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способност, Комисијата утврди дека понудувачите ги исполнуваат условите за докажување на способност и нивните понуди беа предмет на понатамошна евалуација.

Во постапката на разгледување на техничката понуда на понудувачите, во врска со условите и барањата од техничката спецификација, Комисијата заклучи дека освен понудата на понудувачот Друштво за промет и консалтинг ФАРМАХЕМ ДООЕЛ Скопје за дел 5; понудата на понудувачот Друштво за трговија и услуги ЕУРО-ФАРМ ДООЕЛ Битола за дел 26 и 27; понудата на понувачот Друштво за трговија и услуги БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје за дел 1, дел 2, дел 21, дел 22, дел 23 и дел 24; понудата на понудувачот Трговско друштво БИОМЕДИКА ДИЈАГНОСТИКА ДООЕЛ Скопје за дел 2; понудата на понудувачот Друштво за промет со медицински помагала и реагенси ЕЛТА 90 МОЛЕКУЛАРНА МЕДИЦИНА ДООЕЛ Скопје за дел 2, дел 14 и дел 15, понудите на останатите понудувачи се прифатливи и истите беа предмет на понатамошна евалуација.

При разгледување на финансиската понуда на понудувачите во врска со понудените цени, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација, Комисијата заклучи дека понудите се прифатливи.

По целосна евалуација на способноста и на прв ичните понуди на понудувачите, понудувачите беа поканети да учествуваат на преговарање кое се оддржа на 5. мај 2020 година со почеток во 10 часот во Македонска академија на науките и уметностите, бул. „Крсте Мисирков“ 2, Скопје, Република Северна Македонија, кое беше предвидено како последна фаза во постапката за предметот на набавката.

Комисијата достави Извештај од спроведена постапка со арх. бр. 03-1256/26 од 5.5.2020 година во кој го утврди конечниот приказ на понудени цени и достави предлог за избор на најповолна понуда за предметот на набавка и предлог за поништување на дел од постапката за јавна набавка, врз основа на критериумите содржани во огласот и тендерската документација (најниска цена).

Раководителот на ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“ го прифати Извештајот на Комисијата во кој е содржан предлогот за избор на најповолна понуда и предлогот за поништување на дел од постапшката за јавна набавка, и согласно член 112 и член 114 од Законот за јавните набавки, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Раководител на ИЦГИБ „Георги Д. Ефремов“,**

**доп. член Александар Димовски**

**Правна поука:** Незадоволниот учесник од изборот на најповолната понуда, согласно со член 142 и 145 од Закон за јавните набавки може да изјави жалба до Државната комисијата за жалби по јавни набавки во рок од десет дена од денот на објавување на известувањето за доброволна претходна транспарентност, во однос на случаите и исполнетоста на условите за избор на постапката, содржината на тендерската документација и евалуацијата и изборот на понудите. Доколку договорниот орган не објавил известување за доброволна претходна транспарентност, жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на одлуката за избор или за поништување, во однос на тендерската документација, евалуацијата и изборот на понудите, односно за причините за поништување на постапката. Жалбата истовремено се доставува и до Комисијата за јавни набавки на МАНУ преку Електронскиот систем за јавни набавки.

Изготвил: м-р Ана Соколовска
Контролирал: Биљана Костадинова Стојчевска